**20262283838**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30-в став (2) од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 124/19, 275/19, 267/20, 163/21, 57/22, 199/23, 3/25, 247/25 и 267/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 септември 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА ДОБРАТА И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА ПРИМЕНА НА ПОВЛАСТЕНА ДАНОЧНА СТАПКА

Член 1

Во Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.214/26) членот 2 се менува и гласи:

„Енергентите за кои се применува повластената стапка на данокот на додадена вредност од 10% се распоредени во следниве тарифни ознаки од Царинската тарифа:

| Ред. бр. | Тарифна ознака | Наименување на стоките според Номенклатурата на царинската тарифа |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| 1. | Ex.2710194200 | Со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса: со содржина на јаглерод на био основа најмалку 80% по маса<br>*само за погонско гориво |
| 2. | Ex.2710194400 | Со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса: со содржина на јаглерод на био основа најмалку 80% по маса: Друго<br>*само за погонско гориво |
| 3. | Ex.2710194600 | Со содржина на сулфур што надминува 0,001% по маса, но не надминува 0,002% по маса<br>*само за погонско гориво |
| 4. | Ex.2710194700 | Со содржина на сулфур што надминува 0,002% по маса, но не надминува 0,1% по маса<br>*само за погонско гориво |
| 5. | Ex.2710194800 | Со содржина на сулфур што надминува 0,1% по маса<br>*само за погонско гориво |
| 6. | Ex.2710201100 | Гасни масла: со содржина на сулфур што не надминува 0,001% по маса<br>*само за погонско гориво |
| 7. | Ex.2710201600 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0,001% по маса, но не надминува 0,1% по маса<br>*само за погонско гориво |
| 8. | Ex.2710201900 | Гасни масла: со содржина на сулфур што надминува 0,1% по маса<br>*само за погонско гориво |

Повластената даночна стапка ќе се применува само за оние стоки/добра од тарифната ознака пред која е наведена ознаката „ex“, а кои се во согласност со текстот кој што е наведен во третата колона од табелата пред кои има симбол „* “.“.

Член 2

Во членот 3 зборовите „28 септември 2026 година“ се заменуваат со зборовите „12 октомври 2026 година“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 29 септември 2026 година.

Бр. 57-7705/4
28 септември 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.